# Култура

## Размена на уметничкото богатство

# Што добиваме, а што губиме?

### Станува збор за сталинистичко-комунистички начин на купопродажба на уметнички дела - смета анонимен галерист

КАТЕРИНА БОГОЕВА



Вангел Коџаман: Струга во минатото



Лазар Личеновски: Бачило



Никола Мартиновски: Две жени

Реализацијата на првата акција за размена на уметнички дела од страна на Уметничката галерија Скопје, со дела од СР Југославија, при што за осум дела од значајни македонски ликовни автори беа разменети ист број дела југословенски автори, кои беа дел од галериската колекција, интригира дел од културната јавност по што почнаа да пристигаат и првите реакции на луѓето од галериската фела. Изјавите на директорката на Галеријата, Викторија Васев Димеска, дека после толку децении на одлевање на македонското богатство, конечно почнуваме да го враќаме назад, да го прибираме она што имаме, кое секако преставува дел од физиономијата на нашиот културен идентитет, но сепак и делата кои се дадени за размена не се дела од прва категорија, при што најчесто се работи за некое не толку значајно дело од автор кој во збирката на Галеријата е застапен со повеќе дела, се дискутабилни за галеристите кои сметаат дека тука работите се поставени наопаку.

“Се работи за сталинистичко-комунистички начин на купопродажба на уметнички дела“ - смета еден галерист, кој сака да остане анонимен и во оваа фаза на промовирање на успешноста на акцијата да посочи на одредени сознанија. Според него, во ваквиот начин на размена на делата директно се врши предавство на пазарот, се руши демократичноста на процесот, поради затвореност се мистифицира целата работа. Наместо јавно да се изложат и продадат делата и со добиените средства да се купат сликите од бараните македонски автори, по пат на светски познатите принципи на пазарот, овде се говори за уметничките а не се споменуваат нивните материјални вредности, што е сосема погрешно поставен и презентиран начин на работење во областа на добивање и отуѓување на овој вид богатсво.

“Треба да се залагаме да го вратиме националното богатство, но не на овој начин. Вредноста на делата кои што ги дадовме е околу 500.000 германски марки, а ние според проценките добивме дела во вредност од 20 - 30 илјади германски марки. Само делото на светски познатата сликарка Надежда Петровиќ, чини околу 200 илјади германски марки и за оваа авторка не само кај српските туку и кај голем дел светски галеристи постои голем интерес. Со газење на демократската процедура на пазарот, вели галеристот се отвораат низа шпекулации кои кружат во јавноста, од типот кој колку заработил од успешната размена, кој всушност се поигрува со македонското национално богатство“.

Со размената која што предизвикува се повеќе дискусии не само меѓу галеристите туку и меѓу македонските ликовни уметници, Македонија доби дела од Никола Мартиновски, Лазар Личеновски, Вангел Наумовски и Димо Тодоровски а остана без делата на Марко Челебоновиќ, Надежда Петровиќ, Милан Миловановиќ, Петар Добровиќ, Петар Лубарда и Иван Табаковиќ, Емануел Видовиќ и Мило Милутиновиќ кои беа дел од колекцијата на Уметничката галерија Скопје.

Награди